### 30. Зајди зајди јасно с́нце

(Долни Стубол, Пробиштипско)




да не ми те колнат, с’нце,
аргати по поле,
аргати по поле, с’нце,
мајстори у село,
постата е голема,
крај не мож’ да најдам,
домаќинот, јасно с’нце,
Бога помолује
да се врате, с’нце, боже,
и уште погоре,
поста да се, јасно с’нце,
до крајот ожнее.

АИФ м.л. 1489, с. Долни Стубол, Пробиштипско; пее Даница Трајанова; снимил и дешифрирал Перо Анастасов (1970); мелографирала Родна Величковска; се пее попладне.